РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР 10-1270/2
04. 06 20 25 ГОД
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство ул. Коста Кирков бр.5/1-9А Скопје, со број 10-1270/1 од 13.05.2025 година, **Градоначалникот на Општина Ресен** го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од барателот Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, ул. Коста Кирков бр.5/1-9А Скопје заверено под број 10-1270/1 од 13.05.2025 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, преку пошта на Општина Ресен поднесе барање на ден 13.05.2025 година заверено под број 10-1270/1 со кое побара преку електронска пошта да му биде доставен електронски запис од следната информација: Сос линија (чл. 90 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство) – средства планирани да се издвојат од Буџетот за обезбедување на услугата сос линија, жени жртви на насилство семејно насилство за 2022, 2023, 2024, и 2025; Услуга за советување линија (чл. 91 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство) – средства планирани да се издвојат од Буџетот за услуги за советување на жени, деца жртви на родово насилство во 2022, 2023, 2024 и 2025; Услуга за привремен престој (чл. 92 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство) – средства планирани од општинскиот буџет за услуга привремен престој за 2022, 2023, 2024 и 2025; Бесплатна правна помош (чл. 97 од Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство) – средства планирани од општинскиот буџет за здруженија на граѓани за бесплатна помош за жените жртви од насилство во 2022, 2023, 2024 и 2025; Финансиска помош за жртви на родово базирано и семејно насилство –средства планирани од општинкиот буџет за финансиска помош на жртви од семејно насилство за 2022, 2023, 2024 и 2025.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен Ве информира дека по основ на СОС линија нема предвидени средства за воспоставување на сос телефонска линија за пријавување на семејно насилство во наведените години; По основ на услуги за советување Општина ресен нема предвидени средства во наведените години; По основ на услуги за привремен престој во Општина Ресен предвидени се средства за привремен престој и тоа во износ од 190.000 денари во секоја од наведените години и средствата не се побарани и не се искористени за тие години; По основ на услугата бесплатна правна помош , не се планирани средства во наведените години; По

основ на финансиска помош на родово базирано семејно несилство, Општина Ресен нема планирано средства во наведените години.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**